**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1266/2**
**02.06.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 48 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 02.06.2025 г. (понеделник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 8,00 ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 48 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 47. Седница**

1. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект со намена А4 викенд- куќа згр. бр. 3** –по барање на **Богатин Постолов;**

2. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект за селско стопанство згр. бр. 4** –по барање на **Богатин Постолов;**

3. **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Митко Стоименовски**

4. **Предлог-одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација** зграда бр.2 - Објект **со намена А1 – станбена куќа** по барање на **Бобан Павловски**
   Образлагач по точките 1,2, 3 и 4 е Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште.

5. **Предлог-одлука за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво**.

6. **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 25-1064 од 28.04.2025 од жители на с. Косово Дабје.**
   Образлагач по точките 5 и 6 е Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево.

7. **Предлог-заклучок за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ Делчево**
   Образлагач по точката е Марија Сумрачка, одговорна за сметководство и финансов книговодител.

8. **Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025**

Образлагач на точката е Ана Ситновска- Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци.

9. **Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**
   Образлагач Горан Петровски е советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

10. **Прашања и предлози на членови на Советот**

Претседателот отвори расправа за утврдување на Дневниот ред. Откако никој не се јави за збор го стави Дневниот ред на гласање. Дневниот ред беше усвоен **едногласно.**

Потоа се отвори расправа по Записникот од 47. Седница. Откако никој не се јави за збор, Записникот беше даден на усвојување. **Записникот беше усвоен ЕДНОГЛАСНО**.

1. **Точка број еден- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект со намена А4 викенд- куќа згр. бр. 3** –по барање на **Богатин Постолов;**

Образлагач по точката беше Андријана Соколовска, помлад соработник за уредување градежно земјиште. Таа истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2446** од **03.09.2011** година, од страна **Богатин Постолов ул.„Маршал Тито бр.176“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект со намена А4 викенд куќа –** означен во елаборат како зг. реден бр. **3** изграден на КП бр. **785 КО Чифлик** запишана во имотен лист бр. **119 и** КП бр. **1428 КО Чифлик** запишана во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.
По образложението, претседателот отвори расправа, бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Точката број еден, **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат, Објект со намена А4 викенд- куќа згр. бр. 3** –по барање на **Богатин Постолов, беше усвоена со 13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

2. Точка број два - **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект за селско стопанство згр. бр. 4** –по барање на **Богатин Постолов;**

Образложение даде Андријана Соколовска која рече дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2446** од **03.09.2011** година, од страна **Богатин Постолов ул. „Маршал Тито бр.176“ - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект за селско стопанство –** означен во елаборат како зг. реден бр. **4** изграден на КП бр. **785 КО Чифлик** запишана во имотен лист бр. **119 и** КП бр. **1428 КО Чифлик**

запишана во Имотен лист бр. **76** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање. Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект за селско стопанство згр. бр. 4** –по барање на **Богатин Постолов- беше усвоена со 13 гласа ЗА, а 1 ВОЗДРЖАН.**

3. **Точка број три- Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Митко Стоименовски**

Андријана Соколовска истакна дека со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12 - **908** од **22.08.2011** година, од страна **Митко Стоименовски ул. „Ленинова бр.11" - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зг. реден бр. **1** изграден на **КП бр. 2144 КО Делчево** запишан во Имотен лист бр. **10499** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

По образложението, претседателот отвори расправа, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката- **Предлог-одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Митко Стоименовски беше усвоена со 13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

4. Точка број четири- **Предлог-одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација** зграда бр.2 - Објект **со намена А1 – станбена куќа** по барање на **Бобан Павловски**

Образлагач и по оваа точка беше Андријана Соколовска која рече дека во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2348** од **02.09.2011** година, од страна на **Бобан Павловски со адреса на ул.„Маршал Тито" бр. 164**, а кое се однесува на бесправно изграден објект - **намена А1 – станбена куќа**, означен во елаборат како **зграда бр.2** изграден на КП бр.**8722/4 КО Делчево** запишана во имотен лист бр**.** **10623** кој бесправен објект е во опфат на Генерален урбанистички план за Делчево, а во зона со намена која е различна од предвидената намена во урбанистичката документација, Г2 (лесна индустрија) - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Советот на Општина Делчево констатира дека за објектот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката- **Предлог-одлука за вклопување на бесправно изграден објект со намена различна од утврдената во важечко планска документација** зграда бр.2 - Објект **со намена А1 – станбена куќа** по барање на **Бобан Павловски, беше усвоена со 13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

5. **Точка број пет- Предлог-одлука за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво**.

Образложение по точката даде претседателот на Советот, Гоце Попов, кој рече дека се разрешуваат следниве членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево:

1. **Марија Симова** – претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
2. **Ванчо Стојмирски**-претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево
3. **Анастасија Симовска**- претставник од Унијата на средношколци;
4. **Бранко Тричковски**-јавен обвинител од Основното јавно обвинителство

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево, се именуваат:

1. **Емилија Димитровска**– претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
2. **Ана Ситновска- Димитровска**- претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево
3. **Сара Ангелова**- претставник од Унијата на средношколци;
4. **Благој Митевски** -јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Делчево

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката- **Предлог-одлука за разрешување и именување членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво беше усвоена со ЕДНОГЛСНО, со 15 гласа ЗА**.

6. **Точка број шест -Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 25-1064 од 28.04.2025 од жители на с. Косово Дабје.**

Образложение даде Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека до Советот е испратено Барање од МЗ на Косово Дабје за финансиска поддршка за санирање на критичните точки на неасфалтираниот дел од локалниот пат. Жителите претходно имаат организирано самопридонес за санација на патот од кој се собрани над 50.000 ден. но овие средства не се доволни за да се заврши потребната интервенција. Иницијативата се состои од опесочување и ставање соодветни пропусти и цевки на критичните места од локалниот пат. Попов предложи да се доделат од Буџетот 60.000 ден.

По образложението, Попов отвори расправа. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката **Предлог-одлука за финансиска поддршка по Барање бр. 25-1064 од 28.04.2025 од жители на с. Косово Дабје., беше усвоена ЕДНОГЛАСНО.**

7. **Точка број седум Предлог-заклучок за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница" Делчево.**

Образложение по точката даде Марија Сумрачка, одговорна за сметководство и финансов книговодител. Таа истакна дека овој Извештај е периодичен и се однесува за првиот квартал од работењето на ЈКП „Брегалница" и е изработен по меѓународни стандарди. Во ЈКП „Брегалница" во првите три месеци од тековната година се вработени 76 вработени, а 6 лица

се ангажирани преку Агенција за поривремени вработувања. Образложувајќи ја споредбената анализа на приходната и расходната страна на ЈКП за овој период, истакна дека ЈКП остварило негативен финансиски резултат од -54.424 ден, односно, вкупно остварените расходи се во износ од 13.918.005 ден, додека вкупно остварените приходи се во износ од 13.863.581 ден. Сумрачка детално ги анализираше и приходите и расходите заклучно со трети месец 2025 г. и ја презентираше анализата на процентот на наплата во извештајниот период, според кој, процентот на наплата кај правните лица изнесува 69% или наплатени се 1.593.108 ден, додека процентот на наплата кај физичките лица изнесува 71% или наплатени се 6.722.116 ден.
По образложението, претседателот Попов отвори расправа. За збор се јави Тони Стаменковски кој праша за делот расходи колку средства се потрошени за адвокатски услуги и за казни, пенали, надоместоци за штети? Лани имало нула денари, сега имаме над 77.000 ден. за што се потрошени?
Марија одговори дека во таа ставка се евидентирани трошоците за камати и сообраќајни прекршоци, одземање на тракторот, а за адвокатските трошоци не може да даде податок, ќе одговори писмено.
По завршување на расправата, точката беше ставена на гласање. ЗА-гласаа 7 советници, а 7 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН. Претседателот констатираше дека точката **Предлог-заклучок за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“ Делчево не е УСВОЕНА.**

8. **Точка број осум- Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач на точката е Ана Ситновска- Димитровска- раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање даноци. Таа истакна дека согласно со член 34, став 4 од Законот за буџетите, буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на дотации, заеми или самофинансирачки активности, во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средтва во овие буџети. Така пред Вас ја имате Предлог-Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Делчево за 2025 година, каде е предвидено проширување на планот во Буџетот на самофинансирачки активности и буџетот на дотации. Кај Буџетот на самофинансирачките активности проширување имаме кај Програма К1 библиотекарство во износ од 49.200 денари тоа е салдо на сопсвена сметка од 31.12.2024 година, и кај програма N1-Основно образование (ОУ Ванчо Прке) во износ од 800.000 денари проширување на конто 723116-(надоместоци за оброци во ученичи и студетски домови, училишта, градинки и други институции).
Кај Буџетот на дотации, имаме проширување за 4.913.130 денари, односно за пренесен вишок на приходи од претходната година. Проширувањето се однесува на програма К1 (ЈЛБ Илинден) во износ од 19.837 денари, кај програма Н1 (овде влегуваат двете основни училишта) во износ од 914.773 денари, програма Н2 (СОУ М.М.Брицо) во износ од 2.998.620 денари и кај програма В1-(детската градинка Весели Цветови) во износ од 979.900 денари.

По образложението, претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не побара збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање. Точката **Предлог-одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 г** е усвоена со **8 гласа –ЗА и 7 ВОЗДРЖАН**

9. **Точка број девет- Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето  на Општина Делчево за 2025**

Образлагач Горан Петровски е советник за урбанизам и енергетска ефикасност. Тој нагласи дека со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-240/1 од 29.01.2025  г. Изработката на урбанистичките проекти е приватна. Дополнувањето се однесува на: Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево"  по точката 10.26 се додава една нова точка – точка 10.27, која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1400 и КП 1401 КО Очипала Општина Делчево.** Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1390, КП 1391, КП 1392, КП 1393, КП 1400 и КП 1401 КО Очипала Општина Делчево. Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево" по точката 10.27 се додава една нова точка – точка 10.28 која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1392, КП 1395, КП 1400, КП 1403, КП 1405 и КП 1408 КО Очипала Општина Делчево.** Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1392, КП 1395, КП 1400, КП 1403, КП 1405 и КП 1408 КО Очипала Општина Делчево. Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево"  по точката 10.28 се додава една нова точка – точка 10.29 која гласи: **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за формирање на ГП 1 за изградба на површинска соларна и фотоволтаична електрана со моќност до 1MW (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на делови од КП 1410, КП 1411, КП 1412, КП 1413, КП 1417 и КП 1420 КО Очипала општина Делчево.** Овој локалитет ги опфаќа делови од КП 1410, КП 1411, КП 1412, КП 1413, КП 1417 и КП 1420 КО Очипала, Општина Делчево.

По образложението, претседателот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање. Точката -   **Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето  на Општина Делчево за 2025**  е усвоена со **13 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН.**

10. **Точка број десет- Прашања и предлози на членови на Советот**

За збор се јави Иван Гоцевски кој постави прашања и предлози до **Општина Делчево, Сектор за финансиски прашања во Општина Делчево, Сектор урбанизам, Овластен градежен инспектор и директорот на ЈКП „Брегалница" Делчево:**

1. **До Општина Делчево и Секторот за финансии,** како координатор на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, предлага Секторот за финансии во најкус можен рок да изготви Ребаланс на Буџетот за 2025 г.  и да биде ставен како точка на Дневен ред на наредна седница на Советот, бидејќи со цел нормално функционирање на Општината и неблокирање на локалните институции и да се обезбедат средства за сите јубилејни награди за вработените, средства за екскурзијата на средношколците, за финансиска поддршка на спортски клубови и

НВО-секторот, за проектите за меѓугранична соработка, бидејќи е предвидена изградба на неколку капитални проекти и средства за исплата на помошта на настраданите семејства во трагедијата во Кочани за што имаме донесена и Одлука на Советот.

2. **До Општина Делчево –** со кои проекти аплицираше Општина Делчево по Вториот повик од унгарскиот кредит?
3. **До Општина Делчево- Сектор за урбанизам и Овластен градежен инспектор-** Дали О. Делчево води регистер на дивоградби во Општината и доколку ДА, кои се регистрирани дивоградби во О. Делчево?
4. **Општина Делчево-Сектор за финансии**: Колку е основниот долг на О. Делчево и колку е вкупниот долг?
5. **До ЈКП „Брегалница“:** Колку во проценти изнесува загубата на вода која не се фактурира кон правните и физичките лица во Општината?
6. **До ЈКП „Брегалница“:** Колку е вкупниот долг на ЈКП „Брегалница“?
7. **До ЈКП „Брегалница“:** Колку средства во однос на наплата на судски решенија има исплатено ЈКП „Брегалница“ во периодот 01.010 2024 г. заклучно со денес?
8. **До ЈКП „Брегалница“:** Колку средства ЈКП „Брегалница“ има потрошено во однос на нотарски и адвокатски трошоци?

Со исцрпување на Дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори Седницата.
Седницата заврши во 9.00ч

**Записникот го водела**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**